Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 4 од Одлуката за доделување на финансиски средства на спортски клубови и здруженија на граѓани во Општина Бутел бр. 08-274/5 од 25.02.2021 година, Комисијата за спроведување на постапка за доделување на финансиски средства на Општина Бутел објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**

за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Бутел на спортски клубови

1. Средствата наменети за финансирање на програмски активности на спортските клубови кои функционираат на територијата на Општина Бутел се планирани во Буџетот на Општина Бутел за 2024 година, а за покривање на трошоците реализирани во 2024 година.

2. Спортските клубови кои ќе пројават интерес за доделување на финансиски средства треба да ги исполнат следните критериуми и тоа:
   - да се регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации и Законот за спорт;
   - седиштето на клубот да биде на територија на Општина Бутел;
   - да имаат Решение за вршење на дејност спорт издадено од Агенција за млади и спорт;
   - да не им е изречена мерка забрана за вршење дејност;
   - да имаат Програма за работа на клубот за 2024 година.

3. Градоначалникот на Општина Бутел врз основа на предлогот на Комисијата ќе донесе Решение за доделување на финансиски средства.

4. Заинтересираните спортски клубови потребно е да ја достават следната документација:
   - Пријава/ барање од спортскиот клуб ;
   - Доказ за регистрација ( копија или оригинал од Решение издадено од Централен регистар);
   - Решение за вршење дејност спорт издадено од Агенција за млади и спорт ( копија или оригинал );
   - Потврда од Централен регистар дека не е изречена мерка забрана за вршење дејност;
   - Тековна состојба;
   - Годишна Програма за работа на клубот за 2024 година.

5. Документацијата се доставува во затворен плик до Општина Бутел – Комисија за спроведување на постапка за доделување на финансиски средства, ул. Бутелска бр.4 со назнака „ Не отварај “, во рок од 15 дена од денот на објавување на овој Јавен повик.

6. Спортските клубови се должни добиените средства да ги користат наменски согласно своите програмски активности. Доколку средствата не се користат наменски спортските клубови ќе го изгубат правото за учество на јавен повик за доделување на средства во наредните години.

7. Спортските клубови се должни да изготват и достават до Општина Бутел финансиски извештај за искористените средства најдоцна до 31 Мај 2025 година.

8. Јавниот повик ќе биде објавен на веб-страницата на Општина Бутел www.opstinabutel.gov.mk

Комисијата за спроведување на постапка
за доделување на финансиски средства